# Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје

## ИЗЈАВА

Изборната комисија за избор на најтранспарентно акционерско друштво котирано на Македонската берза АД Скопје имаше обврска да изврши избор на најтранспарентното котирано друштво на Македонската берза за 2007 година. Комисијата беше составена од претставници на берзата, комисијата за котација на берзата, институционалните инвеститори, брокерите и, во најголем број, претставници на електронските и печатените медиуми.

Транспарентноста во работењето на котираните компании е предуслов за постоење на фер, транспарентен и ефикасен пазар на капитал. Тоа е императив на сите берзи во светот, а секако и на Македонската берза АД Скопје. Особено во последниве години, кога Македонската берза во вистински смисол заживеа и го зазема своето место во финансискиот систем и воопшто во економијата во Република Македонија, станувајќи место за вложување на средствата на домашните и странски инвеститори, на компаниите, а и на целокупната јавност, вклучувајќи ги особено медиумите. Резултатите од работењето на котираните друштва на Македонската берза веќе се незаобиколна тема во сите анализи на економските состојби во земјата, а однесувањето на инвеститорите на берзата сé повеќе станува значаен показател на општите економски движења.

Изборната комисија би сакала да се заблагодари на Одборот на директори на Македонската берза за укажаната доверба, на Кандидационата комисија на квалитетно завршената работа на употреба на соодветни критериуми за селекција на 5 котирани друштва од вкупно 38 друштва и, воедно, да истакне дека имаше тешка, но и многу значајна задача да го избере најтранспарентното котирано друштво на Македонската берза за 2007 година.

Имајќи го предвид квалитетот на целокупното известување во текот на 2007 година, Изборната комисија одлучи за најтранспарентно котирано друштво на Македонската берза за 2007 година да ја прогласи Комерцијална банка АД Скопје, чиј број и квалитет на објавени известувања, а особено високото почитување на Правилата за котација на Македонската берза и котирањето на подсегментот Супер котација може да претставува пример и поттик и за останатите котирани друштва.

Истовремено, Изборната комисија едногласно заклучи да го истакне квалитетното известување од страна на котираното друштво Алкалоид АД Скопје, кое беше втор најсериозен кандидат за добивање на наградата и ја користи приликата да го поттикне Алаклоид АД Скопје да продолжи со истиот квалитет на известување, со кој ги достигнува стандардите на подсегментот Супер котација, каде што припаѓаат најдобрите и најтранспарентните големи котирани друштва. Воедно, Изборната комисија би сакала да го искаже својот став дека е потребно во иднина да се пристапи кон што поголемо приближување на обврските за известување помеѓу друштвата котирани на Супер котација и на

Ул. "Орце Николов бр.75 Скопје, тел. 3122-055, факс 3122-069, Пош. фах 852
Е.Пошта: mse@mse.org.mk; http://www.mse.com.mk

Берзанска котација, со што сите котирани друштва би имале поеднаква стартна позиција за добивање на наградата „Кристално ѕвоно”.